

Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција!

## Раководител на Сектор деловно работење во Дирекција Мрежа на Експозитури

Бараме одговорна и прецизна личност со аналитички способности, која ќе има висок импакт во остварување на бизнис целите на експозитурите.

Позицијата комбинира бизнис подршка, репортинг, анализа на бизнис резултатите и предлози за подобрување на истите и координација со мрежата на експозитури.

### Треба да поседуваш:

- Високо образование;
- Работно искуство на иста или слична позиција од минимум 3 години;
- Одлични комуникациски вештини и меѓучовечки односи;
- Подготвеност за преземање одговорност и иницијатива и способност за брзо реагирање;
- Способност за самостојно носење одлуки и расчистување на проблематични ситуации;
- Одлично познавање на Банкарските продуктите и нивните карактеристики;
- Одлично познавање на системски процеси и помагање во нивно унапредување;
- Одлично познавање MS Office пакетот;
- Познавање на англсики јазик;
- Возачка дозвола Б категорија.

## Главни одговорности:

- Планирање, организирање и раководење со работата на Секторот;
- Надгледување на работењето на експозитурите во постигнувањето на продажните цели;
- Подготовка на анализи, извештаи и презентации на перформансите  на деловната мрежа;
- Поддршка при имплементација на таргети, бонус-системи и планови;
- Организација на обуки и развој на кадар;
- Унапредување на клиентско искуство;
- Учество во подготовка на договори, состаноци, иницијативи и предлози;
- Врши и други задачи по налог на Директор/Заменик директор на Дирекција;

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!
Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

На нашите вработени им нудиме динамична работна атмосфера со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски и тим билдинг активности;

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk,**најдоцна до 04.07.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk